**БИОГРАФИЈА**




Андреа Серафимовски, роден на 24.08.1984 година во Гостивар, дипломира на Градежниот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. По дипломирањето, работната кариера како градежен инженер ја започнува во оперативата на компанијата ГД „Гранит” – АД Скопје, каде учествува во изградбата на повеќе објекти од високоградбата и нискоградбата и го стекнува првото искуство во областа на градежништвото.

Во 2011 година е назначен за првиот директор на новоформираната организациона единица „Високоградба”. Со формирање на нов сектор „Оператива” во 2015 година, кој покрај управување и организирање на работењето на високоградбата, ја управува и организира и изградбата на автопатиштата, аеродромите и другите објекти од нискоградбата, како и услужните дејности како што се механизацијата, каменоломите, бетонските и асфалтните бази, е назначен за прв директор на секторот. Во овој период компанијата учествува во изградба на повеќе значајни објекти во земјата и во странство финансирани од националниот буџет и реномирани меѓународни банкарски институции, меѓу кои: проектирање и изградба на автопатот Прњавор–Добој, проектирање и изградба на автопатот Бања Лука–Добој, изградба на автопатот Кичево–Охрид (делница Кичево–Подвис), изградба на автопатот Миладиновци–Штип (делница Св.Николе – Штип), изградба на експресен пат Штип–Кочани (делница Штип–Крупиште), изградба на државни институции и административни објекти, Факултетот за драмски уметности, Државниот архив, Археолошкиот музеј, Уставниот суд на РСМ, Спортскиот центар „Јане Сандански“, Македонската Филхармонија, како и изградба, реконструкција и рехабилитација на над сто и педесет други објекти.

На 24.04.2015 година е именуван за член на Управниот одбор на ГД „Гранит” АД Скопје, која што функција ја извршува до денес.

Во 2013 година е именуван за член на Управниот одбор на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, каде што од 2017 ја извршува и функцијата заменик – претседател на друштвото.

На 28.4.2015 година е избран за претседател на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали при Стопанската комора на Македонија, За времетраење на мандатот, активно го претставува Здружението, учествувајќи на повеќе домашни и меѓународни настани, конференции и стручни дебати, членувајќи во работни групи за измена на правната рамка од областа на градежниот сектор и застапувајќи ги интересите на компаниите – членки пред институциите и пошироката јавноста.

Во рамки на својата кариера добитник е на повеќе награди и признанија меѓу кои и Признанието за најдобро остварување од областа на градежното конструкторство за категоријата Изведба на конструкции за 2015 година – „Изведба на објект Државен архив на РМ, Уставен суд на РМ и Археолошки музеј – Скопје”, како и за 2017 година – “Изведба на кровот и фасадите на објектот Македонска Филхармонија во Скопје” за кој што објект е добитник и на специјално признание за придонес при изградбата од страна на Министерството за култура.